# Брани ги своите уверувања!

**Упатство:** Седни на тивко место и прочитај ги стиховите што се дадени подолу. Додека читаш, замисли си дека си во тоа време и на тоа место. Претстави си ги околината и луѓето. Слушај ги гласовите. Соживеј се со чувствата на главните ликови. Живо претстави си ги настаните.

**Главни ликови:** Еремија, Авде-Мелех и цар Седекија

**Кратка содржина:** Еремија се соочува со жестоко противење додека ја објавува Божјата порака дека жителите на Јуда треба да им се предадат на Халдејците

## ❶ *АНАЛИЗИРАЈ ЈА СЦЕНАТА.* (*ПРОЧИТАЈ ЕРЕМИЈА 38:1-5.*)

Што мислиш, како се чувствувал Еремија додека му зборувал на јудејскиот народ? ____________________

Какви чувства се насетуваат во гласот на Еремија додека го објавувал предупредувањето од Јехова? ____________________

### *РАЗМИСЛИ ПОДЛАБОКО.*

Во што мора да бил цврсто уверен Еремија за да може толку смело да објавува таква порака? ____________________

## ❷ *АНАЛИЗИРАЈ ЈА СЦЕНАТА.* (*ПРОЧИТАЈ ЕРЕМИЈА 38:6-13.*)

Употреби ја својата фантазија и опиши како изгледала јамата — колку била широка, длабока и како мирисала. ____________________

Какви мисли веројатно му доаѓале на Еремија кога почнал да ‚пропаѓа во тињата‘? (*Повторно прочитај го стих 6.*) ____________________

### *РАЗМИСЛИ ПОДЛАБОКО.*

Истражувај темелно и дознај нешто што претходно не си го знаел за јамите што се користеле во библиски времиња. ____________________

Во што мора да бил уверен Авде-Мелех за да преземе чекори да го спаси Еремија? (*Повторно прочитај ги стиховите 7-9.*)

Зошто Седекија толку лесно потпаѓал под туѓо влијание, прво под влијание на кнезовите, а потоа под влијание на Авде-Мелех? (*Повторно прочитај ги стиховите 5 и 10.*) Што ни кажува ова за неговиот карактер? Зошто би рекол дека немал никакви лични убедувања?

Кои ликови во оваа приказна покажале дека имаат цврсти лични убедувања, а кој не покажал таква цврстина? Зошто одговараш така?



### ❸ ИЗВЛЕЧИ ПОУКА. ЗАПИШИ СИ ШТО НАУЧИ ЗА...

храброста:

личните убедувања:

тоа дека Јехова ги штити оние што бестрашно го слушаат:

Кога ќе се најдеш под притисок, како тоа што ќе имаш цврсти лични убедувања ќе ти помогне да го правиш она што е исправно?

### ❹ ШТО ТИ ОСТАВИ НАЈСИЛЕН ВПЕЧАТОК ОД ОВОЈ ИЗВЕШТАЈ, И ЗОШТО?

www.jw.org © 2010 Watch Tower Bible and Tract Society of Pennsylvania